*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1786/5*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И Д3 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- на север по граница на КО Штип 2, односно КП 1440, КП 1434, КП 1666, КП 1669, КП 1671, КП 1670, КП 1674, КП 1675, КП 1665/3, КП 1673/2, КП1672, КП 1562, КП 1648

- на запад по осовина на ул. Партизанска, односно КП 17010

- на исток по осовина на новопланирана улица, односно минува низ КП 2003, КП 2001, КП 1439, КП1440

- на југ по осовина на ул.„Лески", односно КП 1997

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 190 781,67m².

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И Д3 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

**ОПШТИНА ШТИП**

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 12 мај 2025 год (понеделник) и истиот ќе трае до 26 мај 2025 год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 27 мај 2025 (вторник) до 25 јуни 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12 јуни (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*